Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извасок на дел од дневните настани 18.02.2024

На 17.02.2024 во 20.50 часот во с.Слатино, тетовско, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово го лишиле од слобода И.И.(19) од с.Слатино. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (18.02.2024) во 03.15 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.П.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 16.00 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(35) од с.Долно Седларце, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02..2024 во 23.05 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Х.(23) од Скопје и Н.Ш.(24) од с.Студеничани, скопско. При преглед во патничко возило „фолксваген голф‟ со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Н.Ш., а сопатник бил А.Х., била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 22.00 часот на улица „Алексо Демниевски‟ во Велес, полициски службеници од Отсек за недозволена трговија со дрога при СВР Велес ја лишиле од слобода Р.Д.(19) од Велес затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. Таа била приведена во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2024 во 22.30 часот на улица „8 Септември‟ во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.М.(36) од село Доброшане, кумановско, затоа што при преглед кај него биле пронајдени и одземени марихуана, таблета екстази, грутчеста и прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2024 во 00.40 часот во угостителски објект на подрачје на Центар во Скопје, полициски службеници Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Б.(43) од Скопје, полициски службеник кој не бил на должност, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 156 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 60 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за некористење на сигурносен појас, 13 мерки за управување под дејство на алкохол...

На 17.02.2024 во 10.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локален пат во с.Челопек, тетовско, патничко возило „фолксваген бора‟ со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(41) од Тетово, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и неговата сопатничка М.Б.(36) од Тетово, констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Тетово.

На 17.02.2024 во 17.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на на ул. „Првомајска‟ во Валанадово, патничко возило „мерцедес‟ со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Г.Ѓ.(58) од Валадново, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот констатирани во Општа болница Гевгелија. Увид на местото извршила екипа од ОВР Валадново.

На 17.02.2024 во 15.10 часот во Полициската станица Драчево, Б.П.(43) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов‟ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2024 во 15.50 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Д.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„16 Македонска бригада‟ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2024 во 17.25 часот во Полициската станица Аеродром, Н.П.(33) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров‟ во Скопје била касната од куче скитник.

На 17.02.2024 во 23.55 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го привеле А.Ф.(36) од Радовиш затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 16.30 часот во с.Никуштак, општина Липково, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.С.(34) од село Гошинце, општина Липково. При преглед на патничко моторно возило „мерцедес вито" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени повеќе бали со тутун за кој не поседувал никаква документација. С.С. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 17.02.2024 во 11.40 часот во ОВР Прилеп, од Итна медицинска помош Прилеп било пријавено дека во Градска болница Прилеп со тешки телесни повреди бил пренесен Ж.Н.(55) од с.Големо Коњари, прилепско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување земјоделски работи со работна машина во с.Големо Коњари.

На 17.02.2024 во ОВР Крива Паланка било пријавено дека на улицата „Св.Јоаким Осоговски" настанал пожар во паркирано патничко моторно возило „опел астра", сопственост на С.М.(25) од с.Крстов Дол, кривопаланечко. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Крива Паланка, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 17.02.2024 во 13.35 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во атарот на Струшко поле настанал пожар на нива, сопственост на приватна фирма од Струга, при што биле опожарени повеќе родни дрва. Повредени лица нема, а екипа од Територијалната противпожарна единица Струга пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид.

На 17.02.2024 во 15.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во с.Врапчиште, гостиварско, настанал пожар во викенд куќа, сопственост на Ф.Р.(63) од истото село. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Гостивар пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 17.02.2024 во 01.20 часот, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода В.М.(25) од Скопје затоа што на 16.02.2024 околу 23.50 часот пред и во угостителски објект на подрачје на општина Аеродром во Скопје агресивно се однесувал и со остар предмет се заканил на вработените. Од него бил одземен остриот предмет, а по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.02.2024 во 01.50 часот во СВР Тетово, Л.А.(30) од с.Доброште, тетовско, пријавил дека околу 00.05 часот на ул.„Маршал Тито‟ во Тетово бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување нас лучајот.

На 17.02.2024 во 05.48 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул.„Димитар Влахов‟ настанал пожар во патничко возило „дачија дастер‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на Шумска полиција – Охрид. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Охрид, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 17.02.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје, 36-годишна жена пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот 39-годишен сопруг. Исто така, на 17.02.2024 во 19.30 часот, нејзиниот сопруг во СВР Скопје пријавил дека во семејниот дом, по претходна расправија, бил физички нападнат од неа. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје, М.Т.(33) од Скопје пријавил дека на балконот од неговата куќа на подрачјето на Гази Баба во Скопје пронашол зрно од огнено оружје, а забележал и дека кровот на балконот бил оштетен. Зрното било подигнато за понатамошна постапка, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 17.02.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје, Г.К.(46) од с.Ракотинци, скопско, пријавил дека на подрачјето на Центар во Скопје, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Ѓ.Н.(46) од Скопје пријавил дека на подрачејто на Центар во Скопје, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, А.Н.(25) од Скопје, пријавил дека на 13.02.2024 околу 16.00 часот на подрачјето на Драчево во Скопје бил физички нападнат од Д.Ф.(23) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 08.54 часот во СВР Скопје било пријавено дека во станбена зграда на подрачјето на Кисела Вода настанал пожар на три електрични броила. Повредени лица нема, а екипа од Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид.

На 17.02.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје, Ф.Л.(63) од с.Љубин, општина Сарај, пријавил дека кровот од неговата куќа и гаража бил оштетен од заталкани зрна од огнено оружје. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2024 во Гевгелија била пронајдена Ј.А.(13), за која на 15.02.2024 во Полициското одделение Шуто Оризари беше пријавено дека се оддалечила од домот на згрижувачкото семејство.

На 17.02.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Струга, Р.А.(50) од с.Лабуништа, струшко, пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка С.Б.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.02.2024 во 09.30 часот во Полициската станица Велес, О.А.(33) од Велес пријавил дека на улица „Филип Втори‟ во Велес бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2024 во 18.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Л.Ѓ.(67) од Скопје пријавила дека на ул.„Андон Кецкаров‟ во Скопје била касната од куче скитник.

На 17.02.2024 во 20.05 часот во Полициската станица Карпош, В.К.(41) од Скопје пријавил дека на пешачка патека на Средно Водно во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2024 во 20.20часот во Полициската станица Кичево, В.П.(38) од Кичево пријавил дека во с.Извор, кичевско, бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет